# ВОВЕД

***„Секое мислење е визуелно“***
Rudolf Arnheim

Секое ликовно – уметничко дело поставено пред гледачот има моќ да постави безброј прашања кои бараат одговор.

Централно прашање во овој труд е работата на ликовно-естетската апрецијација и испитување на ефектите од овој процес врз развојот на перцепцијата на ликовните елементи на ликовно-уметничките дела, интелектуалното разбирање и естетско доживување на ликовно-уметничките дела, естески вкус за ликовно-уметнички дела, естетско вреднување на ликовно-уметнички дела, естетски категории за ликовно-уметнички дела, ликовно-обликовен развој на децата во првите два образовни циклуси (прво до шесто одделение) на деветгодишното основно образование.

Изборот на проблемот и предметот на истражување произлегуваат од поголем број на причини. Естетската апрецијација како мошне важно и значајно подрачје во формирањето на ликовната култура е поле за кое пред сѐ не постои доволно интерес за негово истражување. Истражувањата во оваа област најповеќе се насочени кон проверувањето на теоријата на суштината на способностите за ликовна апрецијација, спонтаната реакција на различните возрасти кон делата од различни уметнички правци, рецепцијата на ликовните дела и сл. Овие истражувања пак од друга страна се застарени. Интересот за пронаоѓање и потврдување на вредноста на некои практично-апликативни методи на работа при естетска апрецијација е мал. Сето тоа условува и непостоење на доволно стручна литература која ги опфаќа аспектите на ликовно-естетската апрецијација. Курикулумите по ликовно воспитание и образование по својата структура и непоставеноста на ликовно-естетската апрецијација во нив, не нудат можност за негова практична примена. Непостоењето на методски решенија, конкретни задачи и содржини, избор на илустративен материјал за работа во оваа област, ја наметнуваат потребата од нивно појавување и потребата за нивна практична примена.

Темата е обработена во теориски и емпириски дел. Во рамките на теорискиот дел од трудот се разгледуваат појавите на истражување и

методичкото обликување на ликовно-естетската апрецијација. Методологијата на истражување е прикажана во вториот дел од трудот, а емпирискиот дел ја опфаќа и анализата на добиените резултати од истражувањето.

Поставените тези и нивната потврденост е презентирана во заклучните согледувања од трудот каде во целост се сублимирани постигнатите резултати од истражувањето.